27509

ИЗЛОЖБИ

# ЦРТЕЖИТЕ НА НИКОЛА МАРТИНОСКИ

**(ЛИКОВЕН САЛОН НА ДЛУМ — ТРГОВСКИ ЦЕНТАР ВО СКОПЈЕ)**

Никола Мартиноски секогаш на цртежот му даваше значајно место, го третираше и како самостојна ликовна дисциплина и како неопходен елемент во склопот на неговото богато сликарско творештво. Дури и во неговите сликарски дела забележуваме една ваква појава: Мартиноски всушност слика **цртајќи**. Тоа не значи дека тој сликарските, хроматските вредности ги става на втор план и дека го истакнува значењето на цртачката вештина, туку некако паралелно, со познатата спонтаност на Мартиноски, тие две ликовни вредности се развиваат, се испреплатуваат и се дополнуваат меѓу себе, создавајќи едно неразделно, длабоко сплотено единство.

**Можеби заслужува да се направи една посебна студија во врска со овој проблем во творештвото на нашиот сликарски ветеран, и научно да се одреди таа заемна врска хроматските вредности и цртежот, па дури и одделно да се анализираат сите одлики на бојата и цртежот. Особено да се разгледа улогата на цртежот во тие сликарски дела.**

Цртежите што сега се изложени во Ликовниот салон на ДЛУМ, претставуваат само еден дел од огромниот опус на Мартиноски што се однесува на цртачката дисциплина. Во репрезентативниот избор што го изврши д-р Борис Петковски, тука најдоа место цртежи од последната творечка фаза на уметникот, поточно, застапени се дела кои настанаа од 1967 до 1972 година. Стилски цртежите се надоврзуваат за неговите општи ликовни сфаќања, особено за неговото сфаќање на цртачката дисциплина. Тука од експонат до експонат ги откриваме основните белези на мајсторството на Мартиноски: сигурен и вешт потег, реалистичко прикажување на мотивот, дури и таму кајшто е евидентна извесна стилизација на формата, потоа, покрај точната и рутинирана линија, секогаш присутната топлина и флуидност, што зборува за искрениот и спонтан однос на авторот спрема уметничкиот објект и спрема уметноста воопшто.

Независно дали Мартиноски работи со молив или со креда (обоена креда), резултатот е ист: целосно предавање на впечатокот од она што го нуди мотивот. Темите и на овие цртежи е светот што најмногу го интересираше и возбудуваше нашиот сликар, имено, тоа се фигури на мајки со деца, во став на починка, со карактеристична поза на замор, но и на некаква скриена енергија што избива од самата поза на моделот. **Навистина восхитува фактот како можеше уметникот на толку голем број цртежи да им даде различен карактер, да ја избегне едноличноста, што се закануга при вакви случаи, со еден мал детаљ да му внуши на делото нова вредност, да ја задржи свежината на инспирацијата и на изразот.**

Сите овие цртежи претставуваат мали ремекдела во целокупниот опус на Мартиноски, но и на нашата ликовна уметност воопшто, особено на цртачката дисциплина. Тие се работени во периодот на полн творечки расцут, кога сè што ќе направеше уметникот, означуваше значаен прилог кон заокружување на животното дело, кое е од непроценлива вредност за нашата национална култура и за повоената југословенска култура.

**Паскал ГИЛЕВСКИ**

ВЕЧЕР ☆ 9 април 1981 година

5523, 14,